GEORGIEVSKI MIROSLAV-MIRO

ILUSTRIRANA BIOGRAFIJA

# FILIP II MAKEDONSKI



EPIZODA

## OLINT

UREDNIK
ELIZABETA ANDONOVSKA

По дознавањето за сојузот помеѓу Олинт и Атињаните, Филип се состанал со градските власти на Олинт. Тие го убедуваат дека сојузот со Атињаните е привремен, додека со Пела е траен




Иако. властите на Олинт го убедувале Филип дека сојузот со Атињаните е безначаен, вистината, која Филип ја насетувал, била поинаква. При неговото враќање во Пела, новите сојузници се обиделе да го убијат. Атентатот не успеал ...




Филип крајно револтиран, почнува со подготовките за освојување на Олинт. Проучува како се снабдува Градот со вода и храна, било по копнен или воден пат, какво е обезбедувањето на ѕидиниите . Сака на најсуров начин да ги казни предавниците. а и за пример на останатите




Опсадата на Градот траела неколку месеци. Дотогаш неосвоената тврдина во пролетта на 348 година пред н.е. конечно е освоена. Градот е целосно уништен, населението раселено, а војниците продадени како робови



Филип одлучува да ги искористи привржениците на Македонија во Народното собрание на Атина. Се формира "Македонска патија"




Со формирањето на "Македонската партија", а и со губењето на дотогашните сојузници, Атина сфаќа дека е принудена да отпочне преговори со кралот Филип




Преговорите помеѓу Македонија и Атина отпочнуваат. Во грчката делегација која доаѓа во Пела се умерениот Филократ, но и најголемиот непријател на Македонците - Демостен




Според склучениот договор, Филип се обврзал да не оди во освојувачки поход кон југ. За возврат го добива грчкиот остров Ебеја

